Уп. бр.08-7

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од трговското друштво Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. (Telemach,širokopasovne komunikacije,d.o.o.), со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија, доставено преку полномошник, Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 02.02.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на трговското друштво **Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о.** (Telemach,širokopasovne komunikacije,d.o.o.), со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија, над трговското друштво **КАБЕЛСКО РАЗДЕЛИЛНИ СИСТЕМ, друштво за дистрибуција на ТВ и радио програми, д.о.о.** (KABELSKO RAZDELILNI SISTEM, podjetje za distribucijo tv in radijskih programov, d.o.o), со регистрирано седиште на адреса Никова улица 9, Ленарт во Словенечки ридови (Lenart v Slovenskih goricah), Словенија,по пат на купување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.01.2022 година, а дополнето на 17.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на **Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о.** (Telemach,širokopasovne komunikacije,d.o.o.), со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија, со која **Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о.** има намера да стекне самостојна контрола над трговското друштво **КАБЕЛСКО РАЗДЕЛИЛНИ СИСТЕМ, друштво за дистрибуција на ТВ и радио програми, д.о.о.** (KABELSKO RAZDELILNI SISTEM, podjetje za distribocijo tv in radijskih programov, d.o.o), со регистрирано седиште на адреса Никова улица 9, Ленарт во Словенечки ридови (Lenart v Slovenskih goricah), Словенија,по пат на купување на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о е** интегриран телекомуникациски оператор во Словенија, кој обезбедува услуги на фиксна и мобилна телефонија, дистрибуција на медиумски содржини и широкопојасен пристап на интернет на словенечките корисници.

Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

-Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани друштва, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа);
- услуги за огласување (Директ Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат СББ и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemachd.o.o. Liubliana).

**КАБЕЛСКО РАЗДЕЛИЛНИ СИСТЕМ, друштво за дистрибуција на ТВ и радио програми, д.о.о.** е сопственик на телекомуникациска инфраструктура, односно кабелска мрежна инфраструктура на територијата на градот Ленарт во Словенија и работи исклучиво со изнајмување на својата кабелска инфраструктура на заинтересирани оператори во градот Ленарт, за целите на обезбедување услуги на крајните корисници.

КАБЕЛСКО РАЗДЕЛИЛНИ СИСТЕМ, друштво за дистрибуција на ТВ и радио програми, д.о.о. не е присутно, ниту има зависни регистрирани друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**